

## ВО ПЕЧАЛБАРСКИОТ КРАЈ ОД БОЛНО ДО СТИПОНА

**Селата под Петринска Планина често се нарекувани „печалбарски регион“, бидејќи иселеничката голгота го зафатило овој дел на Преспа уште во почетокот на минатиот век. Македонскиот революционер и поет, народниот херој на Македонија Димитар Богоевски - Мите е роден во овој регион - во селото Болно**

Големо е задоволството да се биде во селата кои се наоѓаат во подножјето на Галичица, а и во цела Преспа, од каде може да се почувствува свеж воздух кој доаѓа од

високата букова и дабова шума. Чистиот планински воздух може да се почувствува и секој може да ужива  на убавината на природата и контрастите што ги нуди тој дел на Преспа.

Селата под Петринска Планина често се нарекувани „печалбарски регион“, бидејќи иселеничката голгота го зафатило овој дел на Преспа уште во почетокот на минатиот век. Во селото се стигнува и пешачејќи до Ресен, по патот по кој жителите патувале со векови. На средината на овој пат на месноста викана ,,Плачи Горница“ се разделувале „талкачите по светот“,од своите најблисли и оделе на печалба. Денес од овие македонски простори има иселеници во САД, Канада, Австралија, Европската Унија и во многу градови во Македонија.



*Панорама на Болно*

Селото Болно е едно од најпознатите и најубавите места во Преспа. Тоа се наоѓа на околу пет километри северно од Ресен во подножјето на Петринската Планина. Тоа е старо христијанско село во кое секогаш живееле православно Македонци. Болно има околу осумдесетина куќи од постаро и од поново време, со околу 240 жители.

Во атарот на Болно  постојат три цркви и еден манастир и тоа: селската црква „Свети Атанас“, изградена 1846 година, а обновена во 1988 година, „Света Тројца“ во која се преместени селските гробишта, „Свети Никола“ изградена во 14 век и манастирот „Св Наум Охридски“ изграден во 1965 година.

Мештаните пренесуваат предание дека името на Болно потекнува од времето на Самоил, кога на тоа место биле доведени делови од неговата ослепена војска на лечење, за која цел била основана болница во месноста Милошоец. По болните војници и нивниот стационар, прво локалитетот, а подоцна и селото, биле наречени Болно.

Болно е револуционерно село во Преспа. За слободата на татковината ги положија животите седум болнци, меѓу кои: Мите Богоевски, Илија Богоевски, Христо Герасовски, Борис Источки, Пере Источки, Христо Србиновски и Панде Црноевски. Во Болно пости спомен обележје во „Болнската Корија“ каде загинаа  Мите Богоевски и Стив Наумов, Спомен куќа посветена на поетската и револуционерна дејност на Мите Богоевски. Спомен – плоча посветена на загинатите борци од селото и Спомен – плоча посветена на раѓањето и делото на првоборецот Христо Герасовски – Бучко.

Од Болно има голем број иселеници во Канада и САД, меѓу кои, донаторот Крис Ник, Дорче и Блаже Таневски, Митко Наумовски, Владе Савевски, Кире Боримечковски и многу други.

Инаку, македонскиот револуционер и поет, народниот херој на Македонија Димитар Богоевски-Мите е роден во селото Болно на 31 октомври 1918 година, а погина на 12 септември 1942 година. Основно училиште завршува во родното место, а Трговска

гимназија во Битола.  Поради слабата материјална положба ги прекинува студиите на Економскиот факултет во Белград и се враќа во родниот крај, во Преспа.









Пишува: СЛАВЕ КАТИН